# С Т А Т У Т

**на Здружение за остварување на заеднички интереси**
**на банките и унапредување на нивното работење**
**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

**СКОПЈЕ, 19.04.2022 ГОДИНА**

Врз основа на член 17 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија број 52/2010, 135/2011 и 55/2016), Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје, на 35-тата Седница на Собранието одржана на ден 19.4.2022 година донесе Одлука бр. 01/-1 за измена на Статутот на Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, согласно која го донесе следниот

# С Т А Т У Т

## на Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат дејноста, организационата поставеност и функционирањето на Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје (во понатамошниот текст: МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА).

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ја основаат правни лица - банки основани во Република Македонија, со нивно доброволно здружување заради остварување на заеднички интереси и унапредување на нивното работење.

Во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА доброволно се здружуваат и штедилници кои работат согласно одредбите од Законот за банките и поединечните акти донесени од Гувернерот на НБРМ.

Основачи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се следните членови:

- КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ,
- СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ,
- НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ,
- УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ,
- МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈ АД СКОПЈЕ,
- СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА,

-ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ,
- СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ,
- КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ,
- ШТЕДИЛНИЦА МОЖНОСТИ ДОО СКОПЈЕ, и
- ШТЕДИЛНИЦА ФУЛМ ДОО СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со самото стекнување на статус на самостојно правно лице, во континуитет го продолжува работењето на Здружението на банкарството кое како стручен облик на организирање и работење, дејствуваше во состав на Стопанската комора на Македонија. Во таа смисла, МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е единственото правно лице и облик на здружување преку кое нејзините членови дејствуваат во остварувањето на целите и задачите предвидени во овој Статут.

**Член 2**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, позитивните законски и подзаконски прописи кои ја регулираат дејноста на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје , како и согласно овој Статут.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во своето работење ќе се придржува кон начелата на: независност, јавност и транспарентност, непрофитност, непартиско делување, иницијативност во јавниот живот, слободно пазарно работење, неограничување на конкуренцијата, како и сите останати начела кои се својствени за трговските дејности на нејзините членови.

Со МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА управуваат нејзините членови непосредно или преку избраните претставници во органите.

**Член 3**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има својство на правно лице и таквиот статус го стекнува со уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се основа на неопределено време.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во правниот промет ќе настапува во свое име и за сметка на своите членови, во име и за сметка на своите членови, како и во свое име и за своја сметка.

**ИМЕ, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ЗНАК И СИМБОЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 4**

Полното име на Здружението гласи:

**- Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

Скратеното име на Здружението гласи:

- **МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

Името на Здружението во превод на англиски јазик кој ќе се користи во надворешниот промет, гласи:

- **MACEDONIAN BANKING ASSOCIATION.**

**Член 5**

Седиштето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е на следната адреса:

- Улица Орце Николов, број 75, Општина Центар, 1000 Скопје.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има свој печат и штембил, кои го содржат името на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Печатот има форма на круг на кој периферно е испишано името со кирилично писмо на македонски јазик, а во средината на печатот е ознака за местото каде МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има седиште.

Штембилот има правоаголна форма, со линии за број, место и датум.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има свој знак и симбол кои се утврдуваат со посебен акт / одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 6**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ќе работи на остварување на своите цели и задачи, како и на пошироки заеднички интереси на нејзините членови. Како посебни цели и задачи се издвојуваат следните:

- олеснување и унапредување на вршењето на трговските дејности кои го сочинуваат предметот на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, овозможувајќи им да го зголемат или подобрат нивниот резултат;
- ефикасно остварување на интересите на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, унапредување на нивното работење, развој на регулаторната рамка за вршење на дејностите на членовите, делување според принципите на взаемност, професионалност, општествена одговорност и развивање на високи етички стандарди на струката;
- заштита на заедничките интереси на членовите, подобрување и зголемување на продуктивноста на нивното делување, како и обезбедување на еднакви пазарни услови во однос на другите дејности, со почитување на начелата на самостојност, независност во работењето и слободно пазарно работење без ограничување на конкуренцијата во банкарството.

Темелните програмски начела и определби во кои се содржани горенаведените цели и задачи, се појдовна основа за подготовка на долгорочните, среднорочните и краткорочните планови и програми за работа на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

## ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 7**

Предметот на работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, односно нејзините дејности со кои се остваруваат целите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА исклучиво се доведуваат во врска со трговските дејности коишто ги вршат нејзините членови и се од помош на тие активности, а се состојат од следното:

- шифра на дејност 94.99 - дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
- поттикнување на општите интереси, развој и унапредување на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- разгледување на прашања, во врска со унапредување на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, како и пружање стручна помош за решавање на тековните проблеми во дејностите;
- усогласување на појавени спротивности и различни интереси во рамките на дејностите кои ги вршат членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, имајќи ги предвид интересите во целина;

- застапување на заедничките интереси на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во комуникацијата со Народната банка на Република Македонија и сите останати надлежни органи за проблемите кои се јавуваат како резултат од примена на законите, останатите прописи и мерки во областа на банкарството и финансиите;
- давање мислења до сите надлежни органи и институции по однос на подготвени текстови на предлози на законски, подзаконските прописи и останати акти што се однесуваат на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, подготвување иницијативи и барања за изготвување на потребните акти и прописи, односно изменување и дополнување на постоечки акти и прописи во согласност со потребите и интересите на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- решавање на ситуациите на судир на интереси што подразбираат судир помеѓу овластувањата и должностите во врска со работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за приватен интерес на член или лице, во кои приватниот интерес влијае или може да влијае на овластувањата и должностите во врска со работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- усвојување заклучоци и предлагање мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- следење и проучување на праксата од работењето на надлежните органи и лицата што вршат јавни овластувања, која се однесува на правилна и единствена примена на законските, подзаконските прописи и останатите акти од доменот на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и во таа насока усогласување на ставовите и мислењата во комуникација со надлежните органи и комори;
- иницирање и остварување соработка по прашања од заеднички интерес со други здруженија, асоцијации и нивни членови, како и меѓународна соработка;
- воспоставување меѓународни односи и јакнење на угледот на македонското банкарство во земјата и во странство;
- застапување на интересите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА пред ЕВРОПСКАТА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА и нејзините членови;
- соработка со научни и стручни организации и институции во земјата и во странство со цел развој и унапредување на банкарската струка;
- вршење промотивни активности и организирање конференции, советувања, изложби и други настани што се од посебен интерес за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и за нејзините членови во целина;

- иницирање заеднички програми од интерес на струката на членовите, обединување и координирање на работата на заедничките програми;
- унапредување на бизнис-климата во земјата, поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди во банкарството, перманентно функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- промовирање на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА како препознатлива институција на бизнисот и неутрално место за консултирање на бизнисот за сите прашања и иницијативи од интерес за банкарството и работењето на банките и штедилниците;
- организирање размена на податоци за кредитна способност на клиенти – физички и правни лица, обработка на ваквите податоци и нивно чување, сето претходно исклучиво на начин и во согласност со важечките законски прописи а со единствена цел да се направи подобра проценка на кредитниот ризик во рамки на работењето на членовите;
- имплементирање на посебен модел/облик на размена на податоци и потесна соработка помеѓу членовите заради претпазливост во вршењето на активностите со повисоко ризични клиенти, вклучувајќи ги и податоците за сторени незаконски дејствија или кривични дела од вработени кај членовите кои се однесуваат на вршењето на дејноста, заради заштита од евентуален правен, репутациски и оперативен ризик, сето претходно во рамки на важечките законски прописи;
- давање и обезбедување обука за банкарски работници и издавање сертификати;
- регрутирање, промоција и развој на квалитетни човечки ресурси преку развивање на волонтерска пракса;
- давање придонес кон подигнување на свеста на постојните и идните клиенти на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- придонес кон развој на финансиската едукација на граѓаните,
- издавање книги, брошури, прирачници и други стручни публикации и слични периодични изданија,
- развивање свест за професионални и етички прашања поврзани со банкарскиот сектор, и
- сите останати дејности со кои се остваруваат цели и задачи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да врши и други споредни дејности кои служат за вршење на дејноста запишана во Трговскиот регистар, ако се тие во помал опсег или вообичаено се вршат поврзано со запишаната дејност.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 8

Член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да биде правно лице кое претставува банка основана во Република Македонија.

Член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да биде и правно лице – штедилница кое работи согласно одредбите од Законот за банките и поединечните акти донесени од Гувернерот на НБРМ.

Член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да биде и правно лице основано од банки во Република Македонија или во нивна сопственост.

Секој член доброволно пристапува кон МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА под услови предвидени во овој Статут, а со самото членство ги прифаќа целите, Статутот и сите останати акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА не може во исто време да биде член на друго правно лице, односно не може да се здружува во други форми или облици на организирање и работење заради остварување на целите и задачите предвидени во овој Статут.

Со самото основање на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, нејзини членови стануваат основачите - потписници на Актот за основање на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА води регистар на членови и евиденција на членовите на нејзините органи, а податоците од регистарот се ажурираат најмалку еднаш на две години.

**Член 9**

Во текот на целиот временски период на постоење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кон неа може да пристапи секое лице кое ги исполнува условите од овој Статут да биде избрано за член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Приемот на нов член од став 1 од овој член се врши по негово барање, а врз основа на одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за прием на нов член, при што Собранието утврдува дали се исполнети следните услови за зачленување:

- условот за членство предвиден во член 8 од овој Статут,
- доколку членот не бил претходно исклучен од членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА согласно член 10 од овој Статут, како и
- доколку не постои било која од околностите наведени во член 10 став 1 алинеи 6 и 7 од овој Статут.

**Член 10**

Член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да биде исклучен од неговото членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА поради следните причини:

- сериозно пропуштање да ги изврши неговите обврски предвидени во член 13 став 1 од овој Статут кои произлегуваат од членството во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, вклучувајќи особено неплаќање или нередовно плаќање членарина;

- причинување или предизвикување сериозен прекин во работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или ако постои сериозна опасност да дојде до прекин во работењето поради постапки на членот;

- непочитување или постапување спротивно на одлуките, заклучоците и ставовите на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- недолично и непрофесионално однесување на член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или негов претставник на Собранието или во облиците на организирање во рамките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, со што се причинува материјална штета на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или на кој било нејзин член, односно се повредува нивниот углед и репутација;

- непочитување на основните начела наведени во член 13, став 2 од овој Статут;

- дејствување на членот преку здружување во други правни лица или други облици и форми на организирање и работење надвор од МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, за остварување на целите и задачи предвидени во овој Статут;

- преземање на една или повеќе дополнителни мерки против член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА од страна на Гувернерот на Народната банка на Република Македонија согласно Законот за банки;

- доколку против членот е отворена стечајна или постапка за ликвидација.

Причините за исклучување на член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ги утврдува Собранието со посебна одлука која претставува основ за исклучување на членот од МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Со исклучувањето на член од МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, му престанува неговото членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 11**

На член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА му престанува членството во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА доколку престане да постои во правниот промет, односно биде избришан од соодветниот регистар при Централниот регистар на РМ, а претходно не е исклучен од членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

На член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА му престанува членството доколку истиот истапи од членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со претходно писмено известување за истапувањето и рок за истапување од 30 дена, сметано од денот на доставувањето на писменото известување до МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Членот кој истапува е должен да ги исполни неговите обврски спрема МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА согласно овој Статут и другите акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ**

**Член 12**

Права на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се следните:

- да избираат и да бидат избирани во органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- преку своите претставници непосредно да учествуваат во одлучувањето на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да бидат благовремено и целосно информирани за работата и активностите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес за членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да бараат ангажирање на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кај надлежните органи во врска со актуелни прашања кои се однесуваат на работењето на членовите;
- да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи од усвоените одлуки и заклучоци во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да ги застапуваат интересите и ставовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; и
- други права утврдени со овој Статут или со останатите акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 13**

Обврски на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се следните:

- да ги исполнуваат финансиските обврски спрема МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, односно редовно и навремено да плаќаат членарина во целосен износ;
- редовно да присуствуваат на состаноците и на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, односно да учествуваат во неговото одлучување;
- да земаат конкретно учество во спроведувањето на програмата и активностите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да го почитуваат Статутот и останатите акти и одлуки на органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да ги исполнуваат доверените задачи што произлегуваат од Статутот, како и од одлуките донесени од органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- да обезбедуваат учество на стручни лица во работата на постојаните и повремените работни тела во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; и
- други обврски утврдени со овој Статут или со останатите акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Во работата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, секој член има обврска да се придржува кон следните начела:

- транспарентност во работењето втемелена на општо прифатените етички и професионални стандарди на струката и регулаторната рамка;

- доверливост и тајност на податоците и информациите добиени во текот на работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- забрана за злоупотреба или користење на податоци и информации добиени во текот на работењето со цел стекнување лична корист во спротивност со целите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или причинување штета на друг член или на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- примена на добри деловни обичаи и банкарска пракса;

- придржување кон правилата на пазарна конкуренција и фер пазарен натпревар;

- примена на најдобри стандарди за заштита на угледот на струката во однос на јавноста и клиентите;

- сите други начела карактеристични за дејноста на членовите кои ќе ги определи МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со посебен акт или одлука.

**Член 14**

Членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА не одговараат со својот имот и средства за обврските на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА одговараат за своите обврски кон МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, во случај на: злоупотреба на средства на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, постигнување цели што за нив како поединечни членови се забранети согласно Статутот и актите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, како и во случај на злоупотреба на самата МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за остварување на свои цели и интереси.

Членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и нивните застапници се солидарно одговорни кон МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за штетата од работењето и одлучувањето предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА , освен во случаите кога не учествувале во одлучување или го издвоиле своето мислење на записник при самото одлучување.

Барање до член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за надоместок на штета сторена во смисла на став 3 од овој член поднесува Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО (СОСТАВ, НАЧИН НА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, МАНДАТ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ)

**Член 15**

Органи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се:

1. Собрание,
2. Претседател.

**Член 16**

Членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за заедничките работи одлучуваат на Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Собранието е највисокиот орган на одлучување во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кој го организира нејзиното работење и управување.

Собранието го сочинуваат сите членови по автоматизам согласно нивното членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Преку Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, неговите членови вршат надзор над работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, ја следат примената на Статутот, се грижат за работењето и имотот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Собранието одржува седница секогаш кога има потреба, а во секој случај седница на Собранието се одржува најмалку еднаш годишно.

**Член 17**

Во надлежност на Собранието спаѓаат следните работи и активности:

- го донесува статутот, програмата и другите акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и го објавува на својата веб-страна;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- одлучува за статусни промени на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- одлучува за престанок на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со 2/3 (двотретинско мнозинство) гласови од сите членови, како и за назначување ликвидатор;
- го организира управувањето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и ги определува насоките (стратегијата) на дејствување;
- расправа за прашања од интерес на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кои се во рамките на предметот на работење, а за таа цел донесува заклучоци, мислења, препораки и други акти;
- ја донесува годишната програма за работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- формира постојани и повремени работни тела, комисии, стручни служби, секции, одбори, работни групи и други форми на организирање и работење во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го усвојува деловникот за работа на Собранието и сите упатства, правилници и други акти за работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го врши изборот и именувањето на претседател и заменик-претседател на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- ги разрешува претседателот и заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го врши изборот и именувањето на извршен секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го контролира и го насочува работењето на извршниот секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го разрешува извршниот секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го усвојува извештајот за работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го усвојува извештајот за работењето на формите на организирање и работење во рамките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ;

- го усвојува годишниот финансиски план на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА до крајот на годината која претходи на годината за која планот се подготвува;

- одлучува за позајмување средства од трети лица како еден од изворите на финансирање;

- одлучува за стекнување на недвижни ствари;

- одлучува за прием на нови членови во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- одлучува за исклучување на член од МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- ја утврдува висината на членарината на членовите во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- го именува ревизорот на работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; и

- врши други работи утврдени со овој Статут или со друг акт на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

За работите од надлежност на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА истото донесува одлуки со одржување седници или со одлучување без присуство на членовите, на начин предвиден во овој Статут.

**Член 18**

Секој член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има право на учество во работењето на Собранието и има право на 1 (еден) глас при одлучувањето на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Мандатот на членовите на Собранието е еднаков на времетраењето на нивното членство во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Секој член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е претставен на Собранието преку свој претставник од редот на членовите на управниот одбор на членот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или негов управител и тоа било кој од членовите на управниот одбор (претседател или член, еден или повеќе) или управителот, кои со самата функција се претставници на членот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на Собрание.

По исклучок од став 3 од овој член, член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може со посебно писмено овластување издадено од управниот одбор/управителот на членот да определи друго лице кое не е член на управен одбор/не е управител да биде негов избран претставник на Собрание.

Податоците за членови на управен одбор/управител на член на Собранието како и податоците за другото лице овластено да го претставува членот на Собрание, се доставуваат до Секретарот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кој води евиденција.

**Член 19**

Од редот на претставниците - членови на управните одбори или управители на членовите во Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, се избираат претседател и заменик-претседател на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Секој член во Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има еднакви можности негов член на управен одбор или управител да биде избран за претседател или за заменик-претседател на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА под услови предвидени во овој Статут.

Мандатот на претседателот и заменик-претседателот на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е 4 (четири) години со право на реизбор.

Претседателот и заменик-претседателот на Собранието во исто време се и претседател и заменик-претседател на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Изборот на нов претседател се врши во последните 30 дена од мандатот на претходно избраниот претседател, а најдоцна до денот на истекот на мандатот. Доколку не се избере нов претседател во наведениот рок, во таков случај мандатот на претходно избраниот претседател се продолжува до избор на нов претседател.

За избор на заменик-претседател соодветно се применуваат одредбите од став 5 од овој член.

На претседателот и заменик-претседателот може да им престане функцијата и пред истек на мандатот, а поради смрт, оставка, трајна спреченост за извршување на функцијата, како и поради престанок на функцијата член на управен одбор / управител на

член на Собрание. Настапувањето на условите за престанок на функцијата ги утврдува Собранието со посебна одлука.

Претседателот/заменик-претседателот може да биде разрешен од функцијата со одлука на Собранието, заради постапки и дејствија што го прават недостоен за вршење на функцијата, како и заради нестручно и несовесно вршење на функцијата.

**Член 20**

Претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се избира со одлука на Собранието, а по предлог на најмалку 1/5 (една петтина) од членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ги има следните надлежности:

- го претставува и го застапува Собранието како највисок орган на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА,
- ја застапува и ја претставува МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- ги врши сите работи и ги презема сите потребни дејствија во управувањето со МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- учествува, ја организира работата и ги води седниците на Собранието;
- потпишува одлуки и записници од седници на Собранието;
- ја претставува МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на сите официјални состаноци и протоколарни средби со државни органи, институции и трети лица, како и при преговори за прашања од доменот на предметот на работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- дава насоки и инструкции на извршниот секретар за постапување и водење на работите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- ги склучува договорите и останатите правни дела во име и за сметка на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во случаите кога МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА стапува во деловни односи со трети лица, односно ги презема сите потребни дејствија за набавка и купување на основни средства;
- дава предлог до извршниот секретар за свикување седници на Собранието и тоа по своја иницијатива или на барање на потребниот број членови согласно член 22 став 2 од овој Статут, по кои извршниот секретар е должен да постапи и да свика седница или да закаже одржување Собрание;
- го предлага дневниот ред за одржување на Собранието и го одобрува текстот на материјалите кои се однесуваат на дневниот ред;
- ја претставува МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во ЕВРОПСКАТА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА и останатите меѓународни организации;
- врши и други работи кои му се доверени со овој Статут или кои ќе му ги довери Собранието.

Заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА го избира Собранието на предлог на претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА

или на предлог на најмалку 1/5 (една петтина) од членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА му помага на претседателот во вршењето на неговата функција, а извршува работи кои му се доверени од претседателот, од Собранието, со овој Статут или со друг акт на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Во случај на спреченост на претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во извршувањето на работите или со негова согласност, заменик-претседателот самостојно ги врши сите работи предвидени во овој Статут кои се во рамките на надлежностите на претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Во случај на смрт, оставка, разрешување или трајна спреченост на претседателот да ја врши функцијата, до изборот на нов претседател, неговата функција ја врши заменик-претседателот.

**Член 21**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има извршен секретар кој се избира со одлука од страна на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а по предлог на претседателот или заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или по предлог на најмалку 1/5 (една петтина) од членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Извршниот секретарот заснова работен однос во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и прима надомест од буџетот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА. Неговите работни простории се наоѓаат во рамките на седиштето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или на друго место определено од страна на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Извршниот секретарот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ги презема сите правни работи и дејствија што се поврзани и вообичаени за водењето на работите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и се во нејзин интерес. Во таа смисла, извршниот секретар:

- целосно го организира оперативното работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- дава логистичка поддршка на постојаните и повремените работни тела, стручни служби, комисиите, секциите, одборите и други форми на организирање и работење во рамките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- го организира работењето на Собранието што вклучува: организација на седници и одржување Собрание, има ангажман околу свикување седници или закажување одржување Собрание, подготовка на материјали за седници и одржување на Собрание, водење и подготовка на записници од седници и состаноци, изработка на текстови на одлуки и акти;
- учествува во подготовка и изработка на правилници, упатства и сите останати интерни акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, со вклучување стручни лица;

- постапува по инструкции и насоки на претседателот и заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за работи од значење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- во рамките на редовното работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да склучува договори и други правни дела во име и за сметка на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, да презема потребни дејствија за набавка и купување на основни средства и да презема/исполнува обврски до износ кој е определен во одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или со пренесено овластување од претседателот, односно заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- ги презема сите други работи, акти и дејствија со претседателот или заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или самостојно со одобрение од Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; и

- извршува и други работи утврдени со овој Статут.

Во случај на спреченост на извршниот секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во извршување на работите и задачите од било кои причини (отсуство, оставка, разрешување, смрт, трајна спреченост и сл.), претседателот односно заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА го организира начинот на извршување на работите во надлежност на секретарот или назначува/овластува лице кое го заменува секретарот до отстранување на пречките или до избор на нов секретар.

Извршниот секретар е одговорен за уредно водење на деловните книги на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, за подготвителните дејствија во врска со навремено поднесување на завршната сметка, за точност на финансиските извештаи, за водење на регистар на членови, како и за воспоставување, одржување и примена на ефикасен систем за управување со безбедност на податоците и информациите во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 22**

Собранието го свикува претседателот, односно заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА секогаш кога има потреба од негово одржување. Собранието го свикува и извршниот секретар по претходен предлог на претседателот, односно заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Собранието се свикува задолжително по барање на најмалку 1/3 (една третина) од членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и истото мора да одржи вонредна седница врз основа на таквото барање, најдоцна во рок од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за одржување.

Доколку не се одржи седница во смисла на став 2 од овој член од било кои причини, членовите на Собранието по протек на рокот од 30 дена може сами да се состанат известувајќи ги сите членови поединечно за времето на одржување на вонредна седница. Во таков случај, доколку на вонредната седница се обезбеди присуство на најмалку 1/2 (една половина) од вкупниот број на членови, се избира претседавач со

седницата а по потреба и записничар со мнозинство предвидено во член 25 став 2 од овој Статут и се создаваат услови за полноважно одлучување на Собранието согласно овој Статут.

Собранието по правило се одржува во седиштето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а може да се донесе одлука истото да се одржи и на друго место надвор од седиштето.

Собранието може да одлучува на еден од следните начини и тоа:

- со одржување седници и присуство на претставниците на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и

- со одлучување без присуство на претставниците на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА (преку телефонска конференција, преку користење интернет-врска за комуникација, со потпишување на одлука, одлучување/гласање преку електронска пошта или преку телефакс).

Поканата за одржување седница на Собрание се испраќа до сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а во поканата се одредуваат денот, часот и местото на одржување на седницата, со предлог-дневен ред и доставување на материјалите за предложените точки од дневниот ред.

Покана за Собрание се праќа по редовна пошта или по електронска пошта на е-маил адресата на претставниците на членовите на Собранието, и тоа најдоцна 3 (три) работни денови пред одржување на Собранието. Поканата може да се адресира и директно до управниот одбор или управителот на членот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на адреса на неговото седиште.

Во случај на одлучување од страна на Собранието без присуство, согласно став 4, алинеја 2 од овој член, видот на одлучување без присуство ќе биде утврден во самата покана. Како учесници во одржувањето на Собранието на овој начин ќе се сметаат сите членови до кои е испратена покана, односно известување од МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а кои го пријавиле своето учество на Собранието до секретарот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 23**

Гласањето на Собранието е јавно, а членовите може да одлучат за поединечна точка од дневниот ред на седницата на Собранието да се гласа тајно.

Гласањето може да се изведе и со писмено известување од претставник на членот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА до МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и тоа со достава на печатени материјали за начинот на гласање директно до извршниот секретар или со испраќање на материјалите по електронски пат или телефакс до МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, согласно податоците назначени во поканата. Ваквиот начин на гласање и одлучување задолжително се констатира во записникот за одржување на Собранието, а се верификува со доставување на печатените материјали (во оригинал) потпишани од претставник на членот до МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или со потпишување на записникот за одржаното Собрание од страна на претставник на членот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Членовите може да гласаат со писмено известување на начин предвиден во став 2 од овој член доколку своето учество на Собранието го пријавиле до МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА најдоцна еден работен ден пред неговото одржување.

Членовите кои го пријавиле своето учество во Собранието на начин предвиден во став 3 од овој член, ќе се сметаат за учесници во одржувањето и одлучувањето на Собранието и врз основа на тоа ќе се утврди дали се исполнети условите за одржување и одлучување на Собранието во смисла на член 24 и 25 од овој Статут.

**Член 24**

Доколку со овој Статут не е поинаку определено, за донесување одлуки на Собранието потребно е на седницата на Собранието да присуствуваат, односно при неговото одржување на друг начин освен на седница да учествуваат над 1/2 (една половина) од вкупниот број на членови на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

При одржување седници на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се води записник од страна на извршниот секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во кој се внесуваат податоци за текот на седницата и се внесуваат сите одлуки на Собранието, а доколку истото се одржува на друг начин освен на седница, резултатите од изјаснувањето се констатираат на записник подготвен во писмена форма од страна на секретарот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, кој се приложува кон книгата за одлуки. Кон записникот се приложуваат одлуките и начинот на гласање/произнесување на секој од членовите на Собранието поединечно.

Во случај да текстот на било која одлука на Собрание со идентична содржина е потпишан од претставник на секој од членовите на Собранието по претходно доставување на материјалите, таквата одлука ќе се смета за донесена и полноважна согласно произнесувањето на претставниците и постигнатото мнозинство во смисла на член 25 од овој Статут, а без оглед на начинот на свикување на Собранието, како и без оглед дали членот пријавил или не учество на Собрание. Ваквиот начин на одлучување ќе биде констатиран на записник од одржаното Собрание.

**Член 25**

Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА носи одлуки едногласно со согласност на сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА исклучиво доколку за истите во законот е пропишан таков вид на одлучување.

Во останатите случаи за кои со закон е дозволено утврдување на друг начин на одлучување на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА носи одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

По исклучок од став 2 од овој член, со овој Статут може при одлучување на Собрание да се определи и друг вид на мнозинство за одредени прашања и работи од значење за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

При одлучувањето на Собрание, членовите може да гласаат или „ЗА” или „ПРОТИВ”, а во случај на еднаков број на гласови „ЗА” и „ПРОТИВ”, одлучува гласот на претседателот на Собранието, односно на заменик-претседателот доколку претседателот на Собранието не учествува во одлучувањето.

Во случај на постоење на судир на интереси на член на Собрание при конкретно одлучување на Собранието, потребното мнозинство за донесување на полноважна одлука се обезбедува од останатите членови на Собранието кои немаат судир на интерес при одлучувањето.

**ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 26**

Овластени лица за застапување по закон (застапници) на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се лицата кои согласно со овој Статут се именувани за:

- претседател на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, и
- заменик-претседател на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Претседателот и заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, секој од нив поединечно и самостојно ја застапува МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во правниот промет и во односите со третите лица и ги врши правата и обврски во согласност со закон, овој Статут и актите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

За застапник по закон на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да биде именувано деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

**НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 27**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА стекнува средства од:

- членарина;
- придонеси на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- подароци (во пари, добра, имотни права), прилози, донации;
- закупнини;
- издавачка дејност;

- приходи од инвестиции, заеми;
- приходи од проекти, и
- други приходи во согласност со закон, овој Статут и останатите акти кои ги носи МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 28**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да стекнува имот кој го сочинуваат сопственички и други стварни права над движни и недвижни ствари вложени во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или стекнати со нејзиното работење.

**Член 29**

Висината на членарината од член 27, став 1, алинеја 1 од овој Статут се определува со одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА при што може да се определи еднаков износ за сите членови или различни износи во зависност од активата, големината, сложеноста, значајноста за стабилноста на банкарскиот систем на земјата, учеството на членот во вкупниот банкарски систем во земјата и сл.

Одлуката за определување на висината на членарината од став 1 од овој член може да се промени во секое време со донесување на нова одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Секој член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е должен да ја плаќа утврдената месечна членарина согласно одлука на Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во денари или во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето доколку истата е определена во странска валута и тоа секој месец најдоцна до 5-ти во тековниот месец за кој се врши плаќањето на членарината.

Во случај да годишниот финансиски план на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА потврден од Собранието ги надминува севкупниот износ на основни членарини на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, разликата помеѓу утврдениот годишен финансиски план и износот кој се добива со уплата на членарините, се пополнува на тој начин што основната членарина се зголемува за износ кој го плаќаат членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и тоа соодветно на начинот на кој е определена висината на членарината за секој од нив согласно одлуката на Собранието.

**Член 30**

Располагањето со средствата стекнати по основите наведени во член 27 од овој Статут се врши од страна на:

\- претседателот или заменик-претседателот за следното: 1. извршување на работите во рамки на нивните надлежности определени со овој Статут или со друг акт на

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а таквото право со посебно писмено овластување, делумно може да го пренесат на извршниот секретар прецизирајќи ги подробно овластувањата; 2. организација на промотивни активности, конференции, советувања, изложби, обуки, издавачка дејност и други настани од значење за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; 3. покривање на трошоци (дневни, патни, сместување, престој) на претставник/претставници на член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, извршен секретар, вработени лица или претставник/претставници од постојаните или повремените работни тела на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, на официјални настани, конференции и советувања и слично, во земјата и во странство кои се од значење за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА; како и 4. наградување на вработено лице, претставник/претставници на член или претставник/претставници од постојаните или повремените работни тела за извршени посебни задачи и работи кои се од значење за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, и

- Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со посебна одлука за сите прашања од доменот на работењето.

За располагање со имотот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА од член 28 од овој Статут одлучува Собранието со посебна одлука.

**Член 31**

Финансиските средства на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со Статутот и Програмата, а при таквото користење се води сметка за економската оправданост, целесообразност и заштита на интересите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Членовите на органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, нивните претставници во Собранието, вклучувајќи ги и претседателот, заменик-претседателот и секретарот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, односно во интерес на остварување на целите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА надминувајќи ги притоа своите лични интереси.

Средствата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА не може да се исплаќаат на членови, основачи, претставници во органите, застапници, вработени или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е корисник на услугите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во согласност со целите определени со овој Статут и со Програмата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Претставниците на членовите на органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и

надоместок за вршење на работи во органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во согласност со закон.

Вработените во МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

**Член 32**

Годишните извештаи за работењето, како и годишните финансиски извештаи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ги подготвува и изработува извршниот секретар на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и тоа по завршување на календарската година за која истите се однесуваат. По изработка на извештаите, истите се ставаат на увид на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кои имаат право на забелешки, укажувања, соодветни корекции или образложение во форма на одговор.

По исцрпување на дејствијата од став 1 од овој член, се закажува седница/одржување на Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на која се донесуваат одлуки за одобрување на извештаите од став 1 од овој член.

Рокот за донесување на одлуките од став 2 од овој член е најдоцна три месеци по истекот на деловната година за која истите се составуваат.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е должна да ги објавува годишните извештаи од став 1 од овој член на нејзината официјална веб страница или да ги направи достапни до јавност на друг соодветен начин, сето претходно најдоцна до 30 април за претходната година.

## НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 33**

Работата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е јавна и транспарентна како спрема членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, така и спрема пошироката јавност.

Јавноста и отчетноста во работењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се обезбедува со следното:

- МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА е должна редовно да ги известува членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работата на органите и организационите форми во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, како и со поднесување извештај за материјалното и финансиското работење на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;

- секој член на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА има право да врши увид во работата на органите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, а ако дознае за неправилности во примената на Статутот или во финансиското работење, истиот има право да побара од Собранието да ја отстрани неправилноста;

- секој член има право да учествува во креирање на политиката и програмските определби на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, работата и одлучување на Собранието како највисок орган на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со најширок обем на овластувања;

- МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА редовно ја известува јавноста за нејзиното работење, за тековните активности и за програмските задачи преку користење на медиумите како веб-сајт, интернет, печат, радио и телевизија, а врши и јавно објавување на Статутот и останатите акти на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

## НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 34

Статутот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се донесува на основачко Собрание и тоа едногласно од страна на сите членови – основачи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Во случај на изменување и дополнување на Статутот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, предлог-текстот за изменување и дополнување или предлог-текстот на новиот Статут мора претходно да им биде доставен на сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на разгледување, а истите во рок од 3 (три) дена имаат право да дадат свои забелешки и укажувања кои се земаат предвид при изработка на предлог-текстот.

По исцрпување на активностите од став 2 од овој член, се закажува Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на кое се одлучува за изменување и дополнување на Статутот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Статутот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да се измени и дополни или да се донесе нов Статут на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, со одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА која се носи со 2/3 (двотретинско мнозинство) од вкупниот број на членови на Собранието.

При секоја измена и дополнување на Статутот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, се изработува пречистен текст на Статутот во кој се внесуваат извршените измени и дополнувања. Примерок од пречистениот текст се доставува до Централниот регистар на Република Македонија.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 35**

Статусна промена на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА подразбира:

- присоединување - пренос на правата и обврските на организација што се присоединува кон друга организација што презема врз основа на одлука и договор за присоединување и престанок на постоење на организацијата што се присоединува;

- спојување - основање на нова организација на која преминуваат сите права и обврски на две или повеќе организации кои се спојуваат и

- поделба – создавање на новонастанати организации, престанок на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и солидарна одговорност на новонастанати организации за обврските на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Статусна промена на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се спроведува во постапка согласно закон врз основа на одлука на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА која се носи со 2/3 (двотретинско мнозинство) од вкупниот број на членови на Собранието.

**НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Член 36**

Програмата за дејствување на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА се донесува на основачко Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и тоа едногласно од страна на сите членови – основачи на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Во текот на работењето, МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА донесува:

- програма и план за активностите за секоја календарска година и

- годишен финансиски план за приходите и расходите кој ги содржи приходите што се стекнуваат согласно член 27 и 28 од Статутот, како и расходите за општествената активност, за плати на вработени, за заедничка потрошувачка на вработените, хонорари, материјалните трошоци за работата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и други расходи поврзани со работењето.

Предлог-програмите и плановите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА од став 2 од овој член се доставуваат до сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА пред нивното усвојување и секој од нив има право во рок од 3 (три) дена да даде свои забелешки и укажувања со цел истите да се земаат предвид при изработка на конечниот текст.

По исцрпување на дејствијата од став 3 од овој член, се закажува седница/одржување на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на која се донесуваат одлука за одобрување на плановите и програмите од став 2 од овој член.

**ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ**

## ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 37**

Во случај на престанок на работата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА под услови предвидени во законот или со овој Статут, а доколку после намирување на обврските на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА преостанат парични средства, истите се распределуваат на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА сразмерно и соодветно на износот на вкупната членарина платена од страна на секој од членовите за период од последните 3 (три) години од постоењето на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Доколку по престанокот на работата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА преостане движен или недвижен имот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кој не бил впаричен, истиот ќе се распредели на идеални делови на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА по истиот принцип како во став 1 од овој член.

## ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ВО РАМКИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 38**

Во рамките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да се организираат и да дејствуваат постојани и повремени работни тела, комисии, стручни служби, секции, одбори и други облици на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредена дејност.

Како постојани работни тела во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА со самото нејзино основање се формираат следните комисии:

- Комисија за спречување перење пари и усогласеност со прописи;
- Правна комисија;
- Комисија за сметководство, даноци и МСФИ;
- Комисија за ризици;
- Комисија за ликвидност;
- Комисија за платен промет во земјата и во странство;
- Комисија за документарно работење;
- Комисија за информативна сигурност,

Покрај комисиите од став 2 од овој член, може да се основаат и комисии за други области, како и други постојани или повремени облици на работење и дејствување од став 1 од овој член и тоа со посебни одлуки на Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА каде се утврдува потребата од нивно основање, целите и задачите, како и начинот на работење, дејствување, членување, обезбедување средства за работа и сите останати околности.

**Член 39**

Претставници во комисиите од член 38, став 2 од овој Статут по автоматизам имаат оние членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кои остваруваат специфични интереси во одредена дејност за која има надлежност соодветната комисија. Во случај на одредени нејаснотии околу членството во комисиите, Собранието донесува соодветна одлука.

Работењето на секоја од комисиите од член 38 став 2 од овој Статут го координира претседавач и заменик-претседавач кои го избира Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА од редот на избраните претставници од членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во комисиите, и истите имаат обврска при извршување на своите задачи да ги информираат и консултираат претставниците на сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во соодветната комисија.

Комисиите од член 38 став 2 од овој Статут полноважно одлучуваат на состаноци доколку се присутни мнозинството од избраните претставници на соодветната комисија, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на состанокот на комисијата.

Комисиите од член 38 став 2 од овој Статут, како и останатите облици на организирање и работење во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА остваруваат меѓусебна соработка и непосредна комуникација и координација по однос на остварување на целите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и извршување на доделените задачи.

Состаноците на комисиите ги свикува претседавачот или заменик-претседавачот и тоа по сопствена иницијатива или на предлог на претседателот или заменик-претседателот на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА или член на соодветната комисија.

Начинот на работење, организацијата, носење одлуки, мислења, ставови, препораки, заклучоци се регулира со Деловник за работење на секоја комисија кој го усвојува соодветната комисија на свој состанок со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на комисијата и истиот треба да биде во согласност со одредбите од овој Статут.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛИЦА

**Член 40**

По прашања од заеднички интерес согласно целите и дејностите утврдени со овој Статут, МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА соработува со други лица, здруженија, асоцијации, регионални комори и други форми на организирање и работење од земјата и од странство. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат и заеднички седници со лицата со кои се остварува соработка доколку тоа е од интерес за МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да остварува соработка со органи и институции надлежни за прашања од интерес на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, во согласност со целите и задачите утврдени со овој Статут.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА може да членува во меѓународни организации и здруженија со исти или слични цели, задачи, начела и определби.

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ќе се зачлени во ЕВРОПСКАТА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА со што ќе ги прифати целите и стандардите одредени во основачкиот акт и другите интерни акти на оваа федерација.

**ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 41**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА престанува:

- ако Собранието донесе одлука за престанок со 2/3 (двотретинско) мнозинство гласови од сите членови на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА;
- ако бројот на членовите падне под 5 (пет) основачи – членови;
- со одлука на суд и
- кога ќе се исполни кој било од останатите услови предвидени со закон за престанок на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА (поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана; во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон; статусна измена која предвидува престанок на постоењето, донесена одлука на надлежен суд; стечај, спроведена ликвидација).

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 42**

МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА одговара за своите обврски спрема трети лица и тоа со целиот нејзин имот и средства.

**Член 43**

Сите трошоци во текот на работењето ќе се намируваат од средствата на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 44**

Одредбите од овој Статут ги толкува Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

За сите прашања кои не се регулирани со овој Статут, се применуваат одредбите од Законот за здруженија и фондации и останатите законски и подзаконски прописи важечки во Република Македонија.

**Член 45**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување на основачкото Собрание на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и истиот се поднесува за запишување на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА во соодветниот регистар на здруженија при Централниот регистар на Република Македонија.

**Скопје, 19.04.2022 година**

**Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА**

**-----------------------------------**